Australian Macedonian
TODAY
34 YEARS
Австралиско Македонски ДЕНЕС
YEAR XXXIV No 1983 18 OCTOBER 2024 FREE

# МОЛЕКУЛА НА ОТРОВ ОД ПАЈАК ЗА ЛЕКУВАЊЕ СРЦЕВИ УДАРИ

# ТРИ ЛИЦА СЕ ПОВРЕДЕНИ ПО ЕКСПЛОЗИЈА ВО УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО СИДНЕЈ




Три лица се итно пренесени во болница по хемиска експлозија во близина на спортскиот центар на Универзитетот во Сиднеј.

Експлозијата се случи во вторник додека вработен носел кофа со киселина низ универзитетскиот кампус, нешто пред 10 часот.

Противпожарната и спасувачката служба на Нов Јужен Велс потврди дека експлозијата била предизвикана од хемиска реакција на база на киселина.

Две лица, кои стоеле во близина, ги вдишале испарувањата, додека еден од вработените се здобил со изгореници на рацете.

Сите три лица се префрлени на лекување во болницата и областа е деконтаминирана и безбедна.

Стравувањата од потенцијална радиоактивна опасност се отстранети и не постои ризик од зрачење.

Евакуирана е блиската зграда на Универзитетот, а на студентите им е забранет влез во областа.

На сите ученици во близина на инцидентот им беше кажано да ги следат симптомите и да побараат лекарска помош доколку почувствуваат чешање на кожата и очите или иритација на респираторниот тракт.

# СТУДЕН ГЕРМАНСКИ ТУШ: МАКЕДОНИЈА НЕ МОЖЕ ДА ПОЧНЕ ПРЕГОВОРИ БЕЗ УСТАВНИ ИЗМЕНИ






FREE DIGITAL EDITION
SCAN the QR CODE
SIGN UP NOW!
РЕГИСТРИРАЈТЕ СЕ ЗА ДА ГО ДОБИВАТЕ БЕСПЛАТНО ДИГИТАЛНОТО ИЗДАНИЕ НА www.australianmacedonian.com.au/subscribe

„Питијада 2024“

# Шест часа ја спремаа џиновската велешка пита а се изеде за 11 минути





Во рамките на годинашната „Питијада 2024“ Велес постави нов рекорд - вештите раце на пита мајсторите подготвија џиновска пита во должина од 4м и 20см. Зоранчо Илиевски, Стеве Костадинов, Георгиј Јамалов, Благојче Николов, Александар Панов, Паскал Јамалов, Лазе Коцевски и Александар Јамалов од фурна „Гемиџии“ ја подготвија оваа пита од 15кг. брашно, 40кг. месо и 330 јајца.

Питата што мајсторите ја спремаа 6-7 часа се излапа за 11 минути!

- Пред две години беше точно 4 метри. Лани 4,10 а годинава 4,20. Ставивме и пастрма, сушено овчо месо, доста засолено, да се знае зошто е пастрамлија. Сите не прашуваат како ја печеме, но тоа е наша мала тајна. Има марифет за печењето, не го откриваме, кога ќе дојде време, ќе ве поканиме да гледате како тоа се работи, како ја печеме, кажа Александар Јамалов, сопственик на пекарницата.

Од продажбата на џиновската пита волонтерите на Црвениот крст од Велес собраа 16 илјади денари. Меѓу тие што добија парче пита и донираа пари беа премиерот Христијан Мицкоски, министерот за култура Зоран Љутков, градоначалниците на Велес, Марко Колев и на Кавадарци Митко Јанчев. Собраните пари се наменети за лекување на велешанката Ивана Милошевска.

Од Општина Велес информираа дека фестивалот одлично поминал сите три дена, од 11 до 13 октомври, со најголема посетенст во саботата, кога имаше концерт Саша Ковачевиќ. Во забавниот настапија уште групата од БиХ С.А.Р.С., како и домашните Елена Ристеска, Благоја Грујовски и Огнен Здравковски.

AUSTRALIAN MACEDONIAN TODAY
Published by:
AEA ETHNIC PUBLISHERS P/L
Postal: PO Box 544
Thomastown,
Victoria 3074 Australia

Phone: 0403 152 671
Email: amwtoday@icloud.com






### СТУДЕН ГЕРМАНСКИ ТУШ:

# Македонија не може да почне преговори без уставни измени



Се додека во Европската унија се одлучува едногласно, Македонија мора да ги почитува компромисите и да ги вметне Бугарите во Уставот за да ги почне реално преговорите со ЕУ - ова е пораката од германската министерка за надворешни работи Аналена Censored Censored Censored Бербок по средбата со македонскиот колега Тимчо Муцунски по самитот на Берлинскиот процес во Берлин.

Според Бербок во овој случај не станува збор за неправда, туку за почитување на европските правила. Може некоја земја-членка да не се согласува но мора да ја следи усвоената заедничка политика, зашто тоа е правилото на која се согласила кога се зачленувала во Унијата. Таа го повика државниот врв во Македонија да донесе одлука, макар била и спротивна на јавното мислење.

Изјавата на шефицата на германската дипломатија доаѓа откако ден претходно премиерот Христијан Мицкоски изрази оптимизам за германска поддршка по средбата со канцеларот Шолц. Ова беше одговорот.

Министерот Муцунски возврати дека „сме свесни за потребата за компромис, но дека сме држава која повеќе од 30 години постојано прави компромиси и постојано се соочува со неизвесност".

Владата во Македонија и натаму не се откажува од ставот за уставни измени со одложено дејство и ќе ја чека новата евентуално политичка влада во Бугарија за заеднички со неа да се најде решение, иако од Софија тоа упорно го одбиваат.

Македонија исто така бара ревидирање на вториот протокол и заштита на акцискиот план за малцинствата.

### РАДЕВ: НЕМА ПОТРЕБА ОД ПОСРЕДНИШТВО МЕЃУ СКОПЈЕ И СОФИЈА, МАКЕДОНИЈА ДА ВОДИ РАЗГОВОР СО БРИСЕЛ

Бугарскиот претседател Румен Радев смета дека нема потреба од посредништво во разговорите меѓу Скопје и Софија за продоложувањето на преговорите.

На прашањето да даде коментар на изјавата на премиерот Христијан Мицкоски дека е подготвен да води преговори со бугарскиот претседател, Радев рече дека отсекогаш бил отворен за дијалог, но, според него, треба да се прави разлика меѓу дијалог и преговори.

- Преговорите меѓу Бугарија и Македонија завршија во јули 2022 година, кога двете земји го потпишаа билатералниот протокол за договорот за добрососедство. Ако зборуваме за дијалог, тој треба да се води меѓу Македонија и Европската комисија и тоа врз основа на прифатената Преговорачка рамка за Македонија, која со консензус, едногласно е усвоена од сите земји членки на ЕУ и е прифатена од Владата на Македонија, рече Радев во изјава за бугарски медиуми.

Според него работите се и повеќе од јасни и дека Македонија треба да ги исполни барањата поставени од Европската Унија, а Бугарија, како што рече, може да помага во тој процес.



### АВСТРАЛИЈА НАЈМНОГУ ПОГОДЕНА:

# Драстичен пад на цената на литиумот



Честопати наречен „бело злато", металниот литиум е толку лесен што лебди во вода, но неговата цена како камен тоне во текот на минатата година.

Намалената продажба на електрични возила, заедно со презаситеноста на пазарот со рудата литиум, доведе до тоа цената на најважното соединени на оваа руда - литиум карбонат да се намали за три четвртини од јуни 2023 година.

Ова особено ја погоди *Австралија*, која е најголемиот светски производител на литиум, со учество од 52 отсто од светското производство минатата година.

По *Чиле, Западна Австралија* има најголеми резерви на овој метал, а во помала мера има и на *Северната Територија*. Падот на цената доведе до затворање на дел од рудници, како и намалување на производството, поради што стотици работници останаа без работа.

Меѓутоа, некои производители веруваат побарувачката за литиум и неговата цена ќе се вратат на претходното ниво, па затоа го прошируваат производството, како што прави компанијата *Пилбар Минералс* од *Перт*.

*„Во минатото видовме цената на литиумот може брзо да се промени"* - неодамна изјави директорот **Дејл Хендерсон**. Слично мислење има и **Кингсли Џонс**, основач на инвестициската фирма *Џевенс глобал*, која ја следи металната и рударската индустрија.

*„Литиумот и понатаму е многу стратешки важен за енергетската транзиција"* - изјави тој. Побарувачката за батерии кои би складирале струја произведена од сончевата и енергија на ветер е зголемена.

Сепак, некои аналитичари предупредуваат, прекумерната понуда ќе го држи пазарот под притисок најмалку до 2028 година. За вадење на рудата литиум во *Австралија* потребно е три пати повеќе енергија отколку во другите земји кои произведуваат големи количини на овој метал, како **Чиле** и **Аргентина**, објаснува професорот **Рик Валента**, директор на Институтот за одржливи минерали на Универзитетот во *Квинсленд*. Причината е што рудата литиум, позната како сподумен, се вади од цврсти карпи. Во *Чиле* и *Аргентина*, таа се добива со испарување од солена вода која се собира под огромни солени површини. *Австралија* извезува делумно преработена руда која се вика сподумен концентрат, и тоа најмногу во *Кина*. Цената на сподумен концентратот исто така многу падна и според некои извештаи достигнала најниска вредност од август 2021 година. Кинеските компании го преработуваат сподуменот во цврст литиум и во две соединенија кои се користат во батериите - литиум хидроксид и литиум карбонат. Тука лежи вистинската добивка, бидејќи моментално еден тон литиум карбонат чини $10.280, додека еден тон концентрат од сподумен чини $747. Затоа, компаниите во *Австралија* сакаат да изградат сопствени погони за преработка на литиум. Во исто вре-




ме, научници кои работат во државни институции бараат начин искпувањето на литиум да биде еколошки поприфатливо. Доколку успеат во тоа, *Австралија* би можела да стане еден од најзелените производители на овој метал. Во овој момент, за време на производството се ослободува голема количина на отровниот гас хлор.

*„Има само еден начин на производство, кој има неколку недостатоци. Тој начин е многу скап и не е ефикасен. Најважно од се е што се произведува гасот хлор кој предизвикува сериозни последици за животната средина"* - вели **Донгмеи Лиу**, истражувачка во австралиската државна научна агенција *ЦСИРО*. Таа и нејзиниот тим работат на развој на нов процес на екстремно ладење на литиумската муреа за да се елиминираат емисиите на гасот хлор.

# Најстарата река во светот тече само неколку пати годишно

Додека реките *Нил* и *Амазон* се познати како најдолгата и најголемата река во светот по запремнина на вода, најстарата река во светот е предмет на некои дебати. Експертите најчесто се согласуваат дека реката *Финке*, позната и како *Ларапинта* во абориџинските заедници во *Австралија*, е најстарата река во светот. Таа тече само неколку пати годишно по обилни врнежи и се протега на околу 600 до 750 километри до својот слив во езерото *Ер*. Се смета дека е стара околу 350 до 400 милиони години, извира од планината *Мекдонел* која се наоѓа на Северната Територија. Легендата вели реката настанала кога змијата *Виножито* отишла на север од езерото *Ер*. Тешко е да се одреди точната старост на реката, особено во период на подолго геолошко време. Научниците и геолозите можат да ги испитаат околните еколошки карактеристики, планинските масиви и да го погледнат седиментот од коритото на реката, како и меандрите - карактеристики на речниот тек кои го промениле пејзажот поради стотици милиони години ерозија. Дури и по разгледувањето на сите овие карактеристики, не е невообичаено да се има широки проценки за староста кои опфаќаат големи временски периоди. Се верува најстарата река во *Северна Америка* збунувачки наречена *Нова Река*, тече околу 547 километри од планините *Блу Риџ* во *Северна Каролина* до *Вирџинија* и *Западна Вирџинија*, каде се спојува со реката *Канава*. Проценките за староста на оваа река многу варираат, но повеќето укажуваат на тоа дека е стара меѓу 10 и 360 милиони години. Според студијата, оваа река била означена како *„втора најстара река во светот"* за време на рекламна кампања во 1970-тите за да се спречи правење на брана. Во *Европа*, реката *Мезе* се смета за најстара, а тече 950 километри низ три земји - извира во *Франција* и тече низ *Белгија* и *Холандија*. Староста на оваа река се проценува на 320 до 340 милиони години. Нашето разбирање за речните формации не е егзактна наука, така што би можело да се појават повеќе научни докази кои ја менуваат староста на овие реки и фрлаат повеќе светлина врз нивното формирање пред милиони години.


INJURED? ПОВРЕДЕНИ?

✓ TAC
✓ WorkCover
✓ Slips & Falls
✓ Superannuation TPD
✓ All Injury Claims
✓ Free First Appointment
✓ Speak Macedonian
✓ Over 25 years experience in Personal Injury Claims

✓ Сообраќајни повреди
✓ Повреди на работа
✓ Суперануација и траен инвалидитет
✓ Сите видови на повреди
✓ Првата средба е бесплатна
✓ Зборуваме Македонски
✓ Повеќе од 30 години искуство во областа за отштета од повреди

NO CLAIM NO FEE



JOHN DELLIOS & ASSOCIATES
183 High Street Thomastown Tel. (03) 9464 4000 LAWYERS

# ПА ВО АЛБАНИЈА ИМА ПОВЕЌЕ РЕГИСТРИРАНИ БУГАРИ ОТКОЛКУ ВО МАКЕДОНИЈА

## Мицкоски жали што Ахмети им се вовлекува на соседите

Правата на бугарската заедница не се тема за дневна политика, рече премиерот Христијан Мицкоски изразувајќи жалење што лидерот на ДУИ, Али Ахмети, тоа го прави мислејќи „дека така ќе добие поен".

Прашан за коментар на средбата помеѓу Али Ахмети и бугарскиот амбасадор во Македонија, Жељазко Радуков, по која партијата од Мала Речица излезе со соопштение дека „бугарската заедница во Северна Македонија е реалност и треба да биде вклучена во Уставот", Мицкоски порача: „не мислам дека е вистинска политиката, но нека тера".



– Бугарија е потписник на резолуцијата за заштита на човековите права, а има 14 пресуди од Судот за човекови права кои велат дека Бугарија не ги почитува правата на македонската заедница. И нула пресуди за реалноста во Македонија за бугарската заедница. Жалам што Ахмети тоа го користи како дневна политика, но тоа е негова стратегија. Тој мисли дека така ќе добие поен, да се вовлекува на соседите, наместо да биде со тие дома, со кои дели секојдневие , изјави Мицкоски.

Неколку стотини граѓани, посочи Мицкоски, го користат бугарскиот јазик како мајчин јазик, и не можеме да кажеме дека тие не постојат.

– Исто како што седум-осум пати има повеќе Бугари во Албанија отколку во Македонија. И тоа е исто така реалност. Не можеме да кажеме дека тие не се реалност. Но, исто така е реалност и македонската заедница во Бугарија. Ако ние зборуваме да ги вклучиме Бугарите во Устав сега, тогаш треба да зборуваме и да видиме македонската заедница во Бугарија какви права има и да ги споредуваме реалноста на бугарската заедница кај нас и македонската заедница во Бугарија. И тогаш можеме да носиме вистински заклучоци – рече премиерот.

Тоа за мене не е тема за дневна политика, додаде тој, туку тема за која треба да разговараме стратешки, со визија, затоа што таа тема треба нам да ни го отвори и загарантира членството во рамките на ЕУ на основа на Копенхашките критериуми.

ДУИ, преку соопштение информираше дека во седиштето на партијата Али Ахмети го примил новиот амбасадор на Бугарија Жељазко Радуков, во кое меѓу другото се вели дека „приоритет на ДУИ е токму продолжување на европскиот пат, затоа уставните измени мора веднаш да се случат бидејќи граѓаните очекуваат да станеме дел од Европската унија".

Reg. No. A0042461G АХАМ BRIDGE OF HUMANITY ABN 93 019 262 123

АХАМ ГАРАНТИРА ДЕКА ВАШИТЕ ИСПРАТЕНИ БОКСИ ЌЕ ИМ БИДАТ ЛИЧНО ПРЕДАДЕНИ НА ПРИМАЧИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО РОК ОД ТРИ МЕСЕЦИ ОТКАКО КОНТЕЈНЕРОТ ЌЕ ЗАМИНЕ ОД АВСТРАЛИЈА

Места каде се издаваат и примаат кутиите

ВИКТОРИЈА
Илија Јошевски Мечето 93673091, моб: 0418 396 256
Дијана Мицалевска Пупалевска 0414 743 117
ЦИЛОНГ: Коста 0401 550 841
АЛТОНА: Јован 9314 8585 ,0434 088 440
АРДИА: Милорад и Сенди 9363 3635
БАНДУРА: Филимена 9467 8027
БОКС ХИЛ-РИНГВУД: Гоце 0431 518 568
ДАНДЕНОНГ: Борката 9795 6305, 0411 767 613
КИЛО-СЕНТ АЛБАНС: Ило Мечето 9367 3091, 0418 396 256
ЕСЕНДОН – АВОНДАИЛ ХАЈТС: Целе Велјановски 9337 3931
ЛАЈЛОР ЕПИНГ: Кинг Фреш Бурек 9401 4777, Стојна и Панде 0481 184 038
МЕЛТОН: Драги 0419 325 848
ПРЕСТОН – НОРТКОТ: Валентина 0451 820 045
ПРЕСТОН: Аница 0409 416 273, Валентина 0451 820 045 Милка и Љупчо, Авио Травел 9471 4556, 9471 4559
РЕЗЕРВО: Ило 9460 7802, 0432 654 251

СЕНТ АЛБАНС: Кинг Фреш Бурек -9364 3752, 0414 544 563
ЈАРАВИЛ: Трена 9687 4663

НОВ ЈУЖЕН ВЕЛС
СИДНЕЈ: Љупчо 0415 801 989
АРНКЛИФ: Горан 0414 597 595
БЕНКСТАУН – ЈАГУНА: Сашо 9707 1430, 0416 934 638, Цексон - 9793 0366, 0407 175 727
КАНЛЕЈ ВАЛИ: Илија 9754 2287
РОКДАЕЛ: ВМ Центури Травел 9587 5493
КАНБЕРА – КВИНБИЈАН: Душица 0404 149 965
ВОЛОНГОНГ – ПОРТ КЕМБЛА: Васко 0450 484 418

ЈУЖНА АВСТРАЛИЈА
АДЕЛАИД: Драго 08 8345 1381

ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА
ПЕРТ: Славе 08 9300 8342, 0419 997 719, Ислам 9440 4038, 0433 214 874

КВИНСЛЕНД
БРИЗБЕН: Весна 0433 218 018, Невенка 0402 847 225

Добиената сметко-потврда е Tax Deductable, а ако ја пријавувате на вашата годишна такса

**РАМА:**

# Жалам што Македонија не е во оваа фаза со нас, штета за државата и регионот



Албанскиот премиер Еди Рама на 15 октомври, на прес-конференција по одржување на втората меѓувладина конференција ЕУ-Албанија во Луксембург (со што Тирана практично ги започна пристапните преговори по кластери) го коментираше одвојување на Албанија од Македонија на патот кон Европската унија.

Со блокирање на европскиот пат на една земја, како што рече, само се прекинува дотокот на кислород и се попречуваат нејзините можности да се стекне со знаења како да ги развива институциите, како да востави систем на вредности, владеење на правото и функционална демократија.

- Со попречувањето на Македонија, а потоа и Северна Македонија им се нанесе голема штета на државата, на луѓето, а со тоа и голема штета на регионот, кажа Рама.

Посочи дека на секоја земја кандидат треба да и се дозволи да функционира како земја членка на ЕУ.

- Потоа кога ќе стане членка може да и кажете дека не ви се допаѓа нејзиното име, но барем сте и дале можност да функционира како земја членка на ЕУ. А не да и кажувате дека не ви се допаѓа името, кога на земјата и треба поддршка, рече албанскиот премиер.

Рече дека се чувствува тажно што братската Македонија се уште не може да влезе во фазата од преговорите во која сега е Албанија, иако земјата била меѓу првите во регионот, ако не и прва што го почнала процесот.

- Кога зборувам за нашите понижувања, зашто три пати по ред бевме одбивани за почеток на пристапните преговори, се чувствувам засрамено кога ќе помислам на понижувањата на Северна Македонија. Тие го сменија името за да можат да започнат преговори. Историјата не може да биде причина за запирање на пристапните преговори на која било земја, вели тој.

Рама истакна дека Албанија ќе биде подготвена за членство до 2030 година.



# Се потсетија на младоста: Дачиќ служел војска во Куманово, а македонскиот архиепископ во Ниш





Српскиот министер за внатрешни работи Ивица Дачиќ (порано беше и премиер и министер за надворешни) деновиве службено беше во Куманово.

– Ова е град со кој ме врзуваат убави спомени од мојот живот. Овде јас во 1984/85 година бев војник, рече Дачиќ на средбата со неговиот македонски колега Панче Тошковски во Секторот за внатрешни работи Куманово.

Потоа српскиот министер оствари кратка средба со кумановскиот градоначалник Максим Димитриевски, кој му организираше прошетка низ градот.

– Тука минував денови и денови. Блиску тука беше командата на гарнизонот, бев новинар и многу време минував тука и ми остана драго. Бевме во контакт сите овие години и драго ми е, рече Дачиќ.

Тој рече дека работел во Радио Куманово и таму имал своја канцеларија.

Истакна дека една средба му била особено драга.

Жељко Стојаковиќ
Barristers & Solicitors



РАЗУМНИ ЦЕНИ ЗА НАШИТЕ УСЛУГИ

- Challenging Wills
- Family Law
- Criminal Law
- Wills & Probate
- All Courts & Tribunals

- Оспоруваме тестамент
- Семејно право
- Кривично право
- Тестаменти и Оставнина
- Сите судови и трибунали

Suite 5, Floor 1, 332A Main Rd East, St Albans
Tel: (03) 9310 9971

– Отидов да ја посетам слаткарницата „Реклама", каде што мојот драг пријател Сали ме пречека со раширени раце, како и претходно.

## Г.Г. Стефан: Во Ниш се чувствувам како дома, бидејќи тука служев војска!

Архиепископот охридски и македонски г.г. Стефан беше во службена посета на Нишката епархија заедно со српскиот патријарх Порфириј каде на празникот Покров на Пресвета Богородица отслужија света литургија во Богородичниот манастир во Ѓунис.

Митрополитот Нишки г. Арсеније ја изразил својата голема радост затоа што првпат Архиепископот охридски и македонски официјално ги посетува Ниш, донесувајќи го благословот на светите Климент и Наум Охридски, Гаврил Лесновски и Јоаким Осоговски, а воедно и братски љубовта на македонскиот народ.

- Силно ја чувствуваме љубовта на Вашиот народ, но и со сето срце возвраќаме, рекол митрополитот Арсеније.

Архиепископот Стефан потоа одржал беседа исполнета со благодарност за топлиот и братски пречек во Нишкиот соборен храм.

- Колку е убаво и прекрасно кога сите браќа живеат заедно! Денеска не ми паѓа друга мисла освен оваа. Ви благодариме за љубовта и гостопримството што секогаш ни ги покажувате. Овде се чувствувам како дома, бидејќи служев војска во Ниш, кога го посетував овој храм, кој денес е поубав и повеличенствен од тогаш, во 1983 година, рече архиепископот Стефан, благословувајќи ги многубројните граѓани на Ниш кои дојдоа во Соборниот храм да ги поздрават драгите гости, се наведува во соопштението на СПЦ.

# Позната пејачка пропадна во дупка додека настапуваше во Мелбурн





Популарната американска пејачка **Оливија Родриго** минатиов понеделник додека настапуваше во *Мелбурн*, доживеа незгода среде концертот. Пејачката на момент ги загрижи обожавателите откако неочекувано падна во отворот на бината. Во видеото од незгодата, може да се забележи како *Оливија* истрчува на бината да ја поздрави својата публика. Таа ги поздравуваше обожавателите, а потоа почна да трча кон центарот на бината. Во тој момент пејачката пропадна во отворот на средината од бината.

За среќа, младата **Оливија** реагираше со брз рефлекс и се задржа и веднаш стана и ги увери обожавателите дека е добро

*„О Боже мој, тоа беше забавно. Добро сум"*, изјави таа. На почетокот на годинава пејачката имаше и несреќа на сцената кога и пукна горниот дел на сред настап во *Лондон*, а видеото од непријатниот момент набрзо се прошири на социјалните мрежи.

# Како мажите и жените откриваат неверство?

Научници од Универзитетот во *Западна Австралија* спроведоа истражување со цел да утврдат дали мажите и жените можат да препознаат потенцијално неверство кај припадниците на спротивниот пол, како и кај припадниците на истиот пол. Во оваа студија, 1.500 испитаници им беа покажани фотографии на 189 луѓе (101 маж и 88 жени) кои претходно одговориле на прашањето дали биле неверни на своите партнери. Испитаниците ги рангирале фотографиите од 1 до 10, според веројатноста за неверство. Резултатите, објавени во списанието *Royal Society Open Science*, покажуваат дека и мажите и жените успешно успеале да идентификуваат мажи кои биле неверни, но не и жени. Истражувањата покажале дека 70% од испитаниците се обиделе да „преземат" партнер од друга личност, а 60% од нив успеале во тоа. Иако мажите успеале да откријат неверните мажи, жените не успеале да ги идентификуваат жени кои биле неверни. Научниците истакнуваат дека иако некои од мажите биле рангирани како најневерни, реално тие не биле неверни, а исто така и не е мудро да се базираат заклучоци само на првиот впечаток.

– *„Ако се потпреме исклучиво на првиот тест за откривање на прељубниците, ќе направиме грешка"*, изјави научникот **Јонг Зи Фу.** Овие наоди отвораат нови прашања за динамиката на неверството и верувањето во физичкиот изглед, како и за способноста на луѓето да читаат знаци на неверство во зависност од полот.



# 35-годишен скопјанец добил куршум во ногата, полицијата земала парафински ракавици од затвореник од Идризово

Во неделата околу 18:10 часот во Градската општа болница *„Свети Наум Охридски"* во *Скопје* бил пријавен 35-годишниот **Е.А.** со прострелна рана во ногата. Според првичните информации, повредениот бил нападнат додека се движел пеш по улицата *„Христијан Тодоровски-Карпош"* во населбата *Чаир*. Од Министерството за внатрешни работи информираат дека братот на повредениот го донел во болница и пријавил дека непознато лице му пукало во нога додека пешачел. Според првичните сознанија, причината за пукањето може да се бара во



должничко-доверителни односи. Ранетиот наводно е близок роднина на еден од осомничените припадници на кланот *Грчец*, којшто е во бегство и по кого е распишана меѓународна потерница.

Полицијата во својата истрага била и во затворот во *Идризово* каде од еден затвореник биле земани парафински ракавици (за проверка на барутни честички од евентуално пукање). Затвореникот бил посочен како осомничен за пукањето иако тие наводи не дошле од страна на ранетиот скопјанец.

Осуденикот имал дозвола за работен ангажман надвор од затворот во *Идризово*. Преку ден излегувал и работел во *Скопје*, а навечер се враќал зад решетки.

Пред петнаесетина дена во *Чаир* имаше уште едно пукање и ранување на 19-годишно момче.

# Богданчанка „заклала" 7 несудени кирации во Скопје

Жителка на *Богданци* (22), се соочува со обвинение за измама на 7 лица во *Скопје*. Во периодот од јули до септември оваа година таа, користејќи ги социјалните мрежи, успеала да земе вкупно 74.200 денари од своите жртви (скоро A$2,000). Според обвинението, младата жена на *Фејсбук* објавила лажни огласи за изнајмување станови. Кога заинтересираните лица ја контактирале, таа им ветувала дека ќе им изнајми стан, барајќи од нив да и исплатат аванс во готово. По уплатениот аванс, жртвите добивале клучеви од станови кои не одговарале на бравите од становите што наводно им ги изнајмувала, а во нив живееле други луѓе. Обвинителството смета дека обвинетата претставува опасност од бегство и затоа предложило продолжување на мерката притвор.

# ”Успение на Пресвета Богородица” - Сиденхам



Свештеникот, протерej ставрофор **Ефтим Бетински** ќе биде достапен во црквата *”Успение на Пресвета Богородица”* секој ден од понеделник до петок, од 10:00 до 15:00 часот, Моб: **0499 007 574** или email: *betinski_e@yahoo.com* Неделната богослужба е од 9:00 часот.

*Macedonian Australian Orthodox Church "Uspenie na Presveta Bogorodica - St. Mary'' Western Region inc.- 340 Sydenham Road Sydenham Vic 3037*





## КРАЛОТ ЧАРЛС:
# Нема да се противам доколку Австралија стане Република

Кралот и кралицата ќе пристигнат во *Австралија* во петок, на 18 октомври, каде ќе бидат пречекани во Парламентот во *Канбера* од прајминистерот **Ентони Албанезе** и ќе присуствуваат на приемот со политичките лидери и истакнати личности од заедницата.

75-годишниот крал за време на турнејата на *Австралија* ќе го посети и *Сиднеј*, по што веднаш ќе следи државна посета на *Самоа* во јужниот дел на *Пацификот* каде што ќе присуствува на состанокот на шефови на влади на *Комонвелтот*.

Британскиот крал **Чарлс Трети** изјави дека нема да се спротивстави на *Австралија* да стане *Република*, велејќи дека зазема *„антиконфронтациски пристап"* пред посетата на *Австралија* каде што ќе разговара со австралиските активисти кои се залагаат *Австралија* да стане *Република*.

Претставниците на *Австралиското републиканско движење (ARM)* треба да се сретнат со кралот **Чарлс** овој месец на нивно барање, објави *Дејли Меил*.

Помошникот секретар на британскиот крал **Нејтан Рос** им рече на австралиските антимонархисти дека кралот **Чарлс**, како уставен монарх, ќе постапи по совет на неговите министри и дека, соодветно, одлуката дали *Австралија* ќе стане *Република* ќе ја донесе австралиската јавност.

Портпаролот на Бакингемската палата рече дека кралот Чарлс, како и неговата мајка, кралицата **Елизабета Втора** пред него, чувствува дека тоа е прашање на австралискиот народ.

ARM наведува дека во име на австралискиот народ се залагаат Австралија да биде Република со Австралиец како шеф на држава.

Во 1999 година во *Австралија* се одржа референдум за тоа дали земјата треба да стане *Република*, на кој 54,9 отсто од граѓаните се изјаснија против. Австралискиот прајминистер **Ентони Албанезе** претходно изјави дека *„Австралија треба да има Австралиец за шеф на држава"*, но неодамна изјави дека одржувањето на нов референдум не е приоритет.

# МКУД Светлост

*МКУД Светлост* е едно од најстарите друштва на заедницата во *Австралија*, и сака да упати покана до поранешните играорци, кореографи и членови на управата да присуствуваат на заедничка средба во петок, на 25 октомври 2024 година. Настанот се одржува во *The Barkley Hotel* на адреса *92 Burgundy Street Heidelberg.*

Вечерта ќе биде прослава и признание за нашите минати и сегашни членови додека работиме на нашата комеморативна прослава за 2025 година по повод 65-годишнината на *МКУД Светлост.* Цената на картите е $50 и вклучува коктел храна, пиво, вино и безалкохолни пијалоци. Билетите може да се купат преку интернет на следниот линк: *https://https://www.trybooking.com/events/landing/1301452*




За повеќе информации контактирајте со **Злате** на Моб: **0409 056 643** или *mkudsvetlost@outlook.com*

## СПЕКТАКУЛАРЕН НАСТАН КОЈ НЕ СМЕЕ ДА СЕ ПРОПУШТИ:

# Наближува Македонскиот фестивал на храна и вино во Мелбурн






Во недела, на 27 октомври со почеток во 11:00 до 18:00 навечер, *МАСО (Македонско-австралиската организација на заедницата)* по единаесетти пат го организира познатиот Македонскиот фестивал на храната - собир на кој ќе се ужива во нашата храна и музика. Годинава е избрана нова локација која е позната на македонската заедница како стадион на *Алтона Маџик Вардар*, а адресата е *Paisley Park 1-15 Mills St*, во *Altona North*.

Повторно на едно место ќе се соберат илјадници посетители за да уживаат во храна, музика, традиција и фолклор. И оваа година ќе има голем избор на традиционални јадења, па посетителите ќе имаат можност да уживаат во вкусот на специјалитети препознатливи за сите краеви на *Македонија*. Дознаваме дека *МАСО* повторно се погрижил за добра организација, оваа година ќе земат учество на Македонскиот фестивал локалните друштва: *КУД „Гоце Делчев», КУД „Светлост", КУД „Јане Сандански", „Чекор", „Тоше" и „Бисер"* од *Џилонг*. Покрај забавата, како и минатите години, ќе има и многу разновидна занимација за децата.

## Соопштение

Селското социјално друштво *Будимерци (Св. Никола)*, ги известува сите членови дека славата *"Петков ден"* ќе се одржи на 26 октомври во *Фераро рецепција* која се наоѓа на *14 Onslow Ave Campbellfield* со почеток во 18 часот.

За карти и информации јавете се кај: **Косте** на тел: **0431 360 291**, **Ило** на тел: **0423 774 147** или **Ристе** на тел: **0432 789 698**


ДИГИТАЛНО ИЗДАНИЕ НА TODAY - ДЕНЕС
БЕСПЛАТНО СЕКОЈ ПЕТОК




ВО ОВА ВРЕМЕ НА БРЗИ ПРОМЕНИ, БИДЕТЕ ИНФОРМИРАНИ СО ВЕСТИ И ИНФОРМАЦИИ ОД ЗАЕДНИЦАТА ШТО ВИ СЕ ПОТРЕБНИ.

Пријавувањето е лесно за да добивате дигитален пристап бесплатно... Посетете ја интернет страницата www.australianmacedonian.com.au и пополнете ги вашите детали со име презиме и email адреса на која ќе ви стигнува дигиталното издание

БЕЗ ЛИМИТ ПОНУДА

Автоматски можете да го гледате на компјутер, таблет и мобилен телефон, каде било, во кое било време и на кој било уред. Австралискиот Македонски Денес се објавува секој петок, одржувајќи традиција на независно новинарство, откако е основан во 1991 година. Со висок стандард на содржина и презентација привлекува широк спектар на читатели од сите возрасти.

### ДВЕТЕ КОРЕИ НА РАБОТ НА НОВА ВОЈНА:

# Ким Јонг Ун дигна патишта и се заканува со нуклеарно оружје

*Северна Кореја* разнесе патишта во близина на границата со *Југот*, откако предупреди дека целосно ќе ги прекине врските. *Северна Кореја* во вторникот разнесе делови од два главни патишта што го поврзуваат јужниот дел на полуостровот, соопштија јужнокорејските власти, откако *Пјонгјанг* предупреди дека ќе преземе чекори за целосно одвојување на својата територија од југот. Делови од линијата *Gyeonggui* на западниот брег и линијата *Donghae* на источниот брег, два главни патишта и железнички врски што ги поврзуваат северот и југот, беа уништени со експлозив. Во практична смисла, уништувањето на овие патишта нема големо влијание – двете *Кореи* сè уште се поделени со една од најсилно утврдените граници во светот, а патиштата не се користат со години. Сепак, симболиката на ова доаѓа во време на особено остра реторика меѓу лидерите на двете *Кореи*.

Минатата недела, војската на *Северна Кореја* се закани дека ќе преземе *„значајни воени чекори*" за целосно отсекување на нејзината територија од *Јужна Кореја* и со нуклеарно оружје, откако севернокорејскиот лидер **Ким Џонг Ун** претходно оваа година се откажа од долгогодишната политика на барање мирно обединување со *Југот*.

Северна и *Јужна Кореја* се поделени од крајот на Корејската војна во 1953 година со договор за примирје. Двете страни технички сè уште се во војна, но и двете влади долго време ја следеа целта за повторно обединување.



Во јануари, **Ким** рече дека *Северна Кореја* повеќе нема да бара помирување и обединување со *Јужна Кореја*, нарекувајќи ги нивните односи *„однос меѓу две непријателски земји и два воени ривали*", објави тогаш *КЦНА*.



# НАСА на Марс фотографираше необична карпа со облик на човечко лице



Необично откритие на *Марс* го привлече вниманието бидејќи роверот на *НАСА Perseverance* сними слика од карпа која наликува на човечко лице. Каменот со чудна форма, кој лежи на негова страна, има јасни детали како што се очите, носот и устата, што му дава изглед на изнемоштено човечко лице.

Горенаведената слика е направена на 27 септември додека роверот го истражувал кратерот *Језеро*, регион широк 45 километри, кој можеби бил исполнет со вода пред милијарди години. Користејќи ја *Right Mastcam-Z*, уред со два мегапиксели сличен на комерцијален дигитален фотоапарат, *Perseverance* сними детална слика од необичната карпа.

Феноменот на луѓето да гледаат лица во неживи предмети се нарекува пареидолија, вообичаена психолошка илузија која дава смисла на случајните форми. Интересно, ова не е прв пат роверот на *НАСА* да забележи необични формации на површината на *Марс*. Претходно во октомври, роверот фотографираше шарена карпа, наречена *Freya Castle* по врвот на *Големиот Кањон* во *САД*.

Бидејќи *Freya Castle* е лабав камен кој јасно се разликува од основата, најверојатно стигнал таму од некаде на друго место, објасни *НАСА*. Со дијаметар од околу 20 сантиметри, необичната текстура на карпата сугерира дека е формирана од магматски или метаморфни процеси. *Марс*, кој некогаш бил многу вулкански активен, можеби ги создал условите неопходни за формирање на карпа со ленти со зебра.

Научниците на *НАСА* се возбудени поради можноста да се најдат уште такви карпи. Се надеваме дека додека продолжуваме да возиме по угорницата, *Perseverance* ќе наиде на излив на овој нов вид карпи за да може да се добијат подетални мерења, соопшти *НАСА*.

*Perseverance*, мобилната лабораторија со големина на автомобил, го истражува правливиот кратер од февруари 2021 година. Се смета дека во долината некогаш било сместено вистинско езеро, поточно пред околу 3,7 милијарди години, а мисијата на роверот на *НАСА* е да бара древни карпи кои би можеле да понудат увид во раната историја на *Марс*.

# Во пожарите во Бразил досега изгоре површина поголема од Белорусија

Површина споредлива со големината на *Белорусија* изгоре во *Бразил* помеѓу јануари и септември 2024 година, според извештај објавен денеска.

Вкупно 22,38 милиони хектари изгореа во пожари во првите девет месеци од 2024 година, што е зголемување за 150 проценти во споредба со истиот период во 2023 година, се вели во извештајот на иницијативата *MapBiomas*.

Областа одговара на околу 2,6 отсто од површината на *Бразил*, поголема е од *Белорусија* (20,29 милиони хектари) и речиси е колку *Романија* (23 милиони хектари).

За извештајот, мрежата составена од универзитети, невладини организации и технолошки компании, анализираше сателитски снимки и други податоци.

Повеќе од половина од изгорената површина е во регионот на *Амазон*. Само во септември таму изгореа 5,5 милиони хектари – скок од 196 отсто во споредба со истиот месец во 2023 година.

*– Сушната сезона во Амазон, која вообичаено трае од јуни до октомври, беше особено тешка оваа година и дополнително ја влоши кризата со пожари во регионот*, рече **Ане Аленкар** од *MapBiomas*.

Наречена *„белите дробови на планетата"*, амазонската прашума апсорбира јаглерод диоксид од атмосферата, играјќи клучна улога во борбата против климатските промени.

# ГЛАСАЈТЕ ЗА БРОЈ 1

на изборите за Совет на Brimbank City во октомври 2024, DELAHEY WARD

# ANGELINA GREENWOOD



## Таа е:

- Сопруга и мајка на две малолетни деца.
- Страстен застапник за напредок и да биде глас на заедницата.
- Поттикната да ги поддржува и да ги застапува интересите на жителите и на даночните обврзници.
- Има македонско потекло, израсната со етика и почит за чесната работа.

## Мојата визија за Delahey:

- Унапредување на локалните паркови, зелените површини и поставената опрема на игралиштата.
- Подобри спортски објекти, патеки за пешачење и опрема за фитнес.
- Зголемено одржување на дрвјата и косење на тревата, давање приоритет на развојот на Delahey Ward.
- Позначајни иницијативи за одржливост и подобро управување со отпадот.
- Посигурни патишта, подобри паркиралишта и улично осветлување.
- Повеќе поддршка за оние кои се борат со ментално здравје, некаква неспособност и нивните негуватели.

**Свеж старт за Delahey**

# ИЗЛЕЗЕ НОВОТО ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ НА АВСТРАЛИСКО МАКЕДОНСКИ НЕДЕЛНИК


www.australianmacedonian.com.au

AUSTRALIAN MACEDONIAN WEEKLY

Австралиско Македонски Неделник

Edition No. 1836 Year 37 • Tuesday, 15 October 2024 • Price $4.00 inc GST

Патувајте во Македонија и секаде во светот
AVIO TRAVEL
339 High St Preston
03/ 9471 4556
03/ 9471 4559
mobile
0401 586 970

ВЛАДАТА ПРЕСТАНА ДА ПРИФАЌА БАРАЊА ЗА ПОВРЕДИ ОД ВАКЦИНАТА ПРОТИВ КОВИД

ЌЕ ЈА ПРЕТСТАВУВА ТЕА ЃОРГИЕВСКА

МАКЕДОНИЈА ПРВПАТ НА МИС УНИВЕРЗУМ

ЕУ ДАДЕ ЗЕЛЕНО СВЕТЛО ЗА РЕФОРМСКАТА АГЕНДА НА МАКЕДОНИЈА:

ЌЕ СЕ ДЕЛАТ ШЕСТ МИЛИЈАРДИ ЕВРА

КРАЛОТ ЧАРЛС:

НЕМА ДА СЕ ПРОТИВАМ ДОКОЛКУ АВСТРАЛИЈА СТАНЕ РЕПУБЛИКА

МИНИСТЕРОТ МИНЧЕВ: ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА Е НЕКОМПЕТЕНТНА И НЕПРОФЕСИОНАЛНА


БЕЗ ПОБЕДА, НЕМА НАПЛАТА

arnold thomas & becker lawyers

НИЕ СМЕ АДВОКАТСКА ФИРМА СО ЕКСПЕРТИ ЗА:
- сообраќајни повреди / TAC
- повреди на работно место / workcover
- побарувања од медицинска небрижност
- побарувања за повреда при раѓање
- побарувања за отштета од азбестос
- повреди на јавно место
- повреди работници на државни места /Comcare Claims
- Суперануација / неспособност за работа

За проблемите што ги имате околу повреди на работно место зборувајте со ТОНИ ШИШКОВСКИ на македонски јазик на (03) 9614 1433

Tony Siskovski
Director

ЕКСПЕРТИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ПОВРЕДИ

573-577 Lonsdale Street, Melbourne, VIC 3000 www.arnoldthomasbecker.com.au


# АФИРМИРАТОР НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК, КУЛТУРА И ТРАДИЦИЈА

СЕКОЈ ВТОРНИК ВО ВАШАТА НАЈБЛИСКА ПРОДАВНИЦА ЗА ВЕСНИЦИ

# Фудбалерите се бесни поради новото натпреварување на ФИФА - подготвени се за штрајк




Професионалните фудбалери никогаш не биле поблиску до штрајк во услови на растечко незадоволство од раководните тела на фудбалот, особено од ФИФА и нејзиното обновено Светско клупско првенство (кое се споредува со Супер лигата), изјави во понеделникот шефот на синдикатот на играчи ФИФпро Европа.

Дејвид Териер разговараше за „Ројтерс", откако ФИФпро Европа, асоцијацијата на европските лиги и шпанската Ла Лига ја обвинија ФИФА за злоупотреба и поднесоа заедничка жалба до антимонополските регулатори на Европската унија во врска со меѓународниот распоред на натпревари на глобалното раководно тело.

Териер рече дека само дијалогот помеѓу спортските чинители може да го спаси системот.

- Очигледно како синдикален лидер би требало да сонувам за штрајк бидејќи тоа ви дава поголема моќ, но јас сум многу посветен на концептот на социјален дијалог, рече Териер.

ФИФпро Европа, европските лиги и Ла Лига го нападнаа преполниот календар на натпревари на ФИФА, емитувајќи снимени изјави од играчи, вклучително и капитенот на Франција, Килијан Мбапе, кои кажуваа дека имаат премногу натпревари.

- Дали ќе одиме до крај, да штрајкуваме? Се повеќе играчи ни кажуваат дека сакаат да организираат штрајк, рече Териер, насочен кон Светското клупско првенство во САД. Европа ќе биде претставена со 12 клуба од 32, од 15 јуни до 13 јули 2025 година.

Териер го спореди настанот со обидот на 12 врвни клубови од Англија, Италија и Шпанија да основаат Супер лига во 2021 година, кој не успеа.

# Мила Србиноска светски шампион во јуниорска категорија на Светското првенство за хип-хоп и стрит денс



Мила Србиноска од клубот „Брејк А Лег" е најновиот бисер на нашата танцова сцена. На Светското првенство во хип-хоп и стрит денс, што се одржа во СЦ „Борис Трајковски"-Скопје, Мила ја освои титулата светски шампион во јуниорска категорија, во жестока конкуренција од 174 натпреварувачи.

Македонската репрезентација беше меѓу најбројните на шампионатот, а своите учесници на првенството имаа клубовите „Брејк а Лег", „Аква", „Еурека", „Битрикс", „Ит Да Бит" и „ Уан Веј".

Во рамките на Парадата на нации, на танцовиот подиум продефилираа над 1.700 натпреварувачи, создавајќи спектакуларно шоу на движење, ритам и креативност. Танцувачи од сите возрасти и стилови се собраа заедно на сцената, носејќи дух на единство и страст за танцот. Отворањето беше збогатено и со настапот на Академското културно-уметничко друштво „Мирче Ацев", кое извесе незаборавен перформанс на народни игри и ора од Македонија.

MILE UNCEVSKI FUNERAL SERVICES
Прва македонска погребна канцеларија во Австралија

Зборувајте со Миле Унчевски на 02 9502 3205
Миле Унчевски ги разбира македонските православни обичаи и погреби, тој е тука да ви помогне во најтешките моменти.
Повеќе од 9 години Миле со неговата погребна компанија помага во најтешките моменти.
За денот на погребот можеме да ви обезбедиме крпи, литургија, пченица.
Организираме погреби од Австралија во Македонија и обратно, доколку некој покоен имал желба да биде погребан во Македонија или во Австралија.
Serving the Macedonian Orthodox Community 24 Hours/7 Days
403 Forest Road, Bexley NSW 2207
Tel: 02 9502 3205, Fax: 02 9554 9735

# „Случајот Диара“ победи на суд, ФИФА ќе ги менува правилата за трансфери



Светската фудбалска асоцијација (ФИФА) најавува промени во системот за трансфери откако Европскиот суд пресуди во корист на Французинот Ласана Диара, кој ја тужеше ФИФА за „ограничување на слободата на движење и реализација на трансфер“.

Актуелниот правилник вели дека клубовите мораат да исплатат обесштетување на поранешниот клуб на играчот во моментот кога тој заминува како слободен агент и во случај кога договорот е раскинат без конкретна причина.

Диара поднесе тужба против ФИФА тврдејќи дека „го попречила слободното движење на професионални фудбалери кои сакаат да продолжат во друг клуб“, а судот пресуди во негова корист и тој сигурно ќе добие отштета за блокирањето на трансферот.

Тужбата се однесува на неговиот премин од Локомотив Москва во францускиот Олимпик Марсеј во 2015 година.

ФИФА веќе најави таканаречен „глобален дијалог“ со сите релевантни фудбалски инстанци, со кои ќе дискутира за одредени промени во системот и правилникот, за ваквите ситуации повеќе да не се случуваат во иднина.

# Германецот Тухел е новиот селектор на Англија

Веќе нема никакви дилеми, Томас Тухел ќе биде новиот селектор на Англија откако германскиот стратег ги договори сите детали од соработката со челниците на ФА.

Екс-менаџерот на Челси пред неколку дена беше потенциран како главен фаворит во трката за наследник на Герет Саутгејт, а откако привременото решение Ли Карсли обелодени дека сака да го отстапи своето место на стратег што знае како се освојуваат трофеи, експресно следеше и договор со Тухел.

Информацијата прв ја пренесе британскиот весник „Тајмс“, а потоа преку најразлични извори ја потврдија и бројни медиуми на островот.

Последен ангажман на Тухел беше како предводник на Баерн Минхен, од каде доби отказ откако минатата сезона не освои ниту еден трофеј, нешто што на баварскиот гигант му се немаше случено подолго од една деценија.





**ЃОКОВИЌ ОТКРИ СО ШТО САКА ДА СЕ ЗАНИМАВА ВО ПЕНЗИЈА:**

# Ќе свирам пицикато!



Славната кариера на српскиот тенисер Новак Ѓоковиќ е пред крај и покрај тоа што на 37-годишна возраст изгледа подобро и од своите ривали и врсници.

Најдобриот тенисер во историјата веќе откри и дека му недостасува мотивација за натпреварување па сега говореше и со што сака да се занимава по крајот на кариерата во разговор за „Вог" пред заминувањето на егзибициски турнир во Ријад.

- Има многу работи. Ме интересираат многу работи. Се уште сакам да научам да свирам саксофон. Навистина да го научам. Пред неколку години извесно време свирев пристојно, но потоа станав лош бидејќи не вежбав доволно и редовно. Би сакал да научам да пеам, да свирам на некои инструменти. Саксофон е број еден, но би сакал да научам да свирам и на други инструменти.

Би сакал да научам да глумам и во театар, го сакам театарот. Театарот пред се, но сакам и филмови. Сепак, претпочитам интеракција во живо. Сакам комедија и се обидувам да земам некои трикови од моите пријатели кои се актери, откри Ѓоковиќ.

# Билетите за последниот меч на Надал достигнаа неверојатна цена

Цените на билетите за потенцијалниот последен меч во кариерата на Рафаел Надал достигнаа неверојатна цена на црниот пазар, откако се појавија информации дека се распродадени за рекордно време.

Последниот турнир на Надал е Дејвис купот во Малага, каде Шпанија ќе игра со Холандија - додека се споменува дека Рафа би можел да игра во двојки со Карлос Алкараз.

Билетите за финалето се исто така распродадени.

Две места до теренот за четвртфиналето Шпанија - Холандија се нудат за дури A$23,000, а за финалето дури A$48,000.



Надал ќе учествува на егзибицискиот турнир во Саудиска Арабија каде ќе биде присутен и Новак Ѓоковиќ, додека на споменатиот Дејвис куп ќе ја заврши својата блескава кариера во која освои 22 Грен слем титули од кои 14 на Ролан Гарос.

Финалето на Дејвис купот ќе се одржи од 19 до 24 ноември, а да потсетиме, Новак Ѓоковиќ, најдобриот тенисер на планетата, го најави своето пристигнување во Малага за збогувањето на Рафа.

- Ти посакувам најдобро можно збогување во Малага со шпанскиот тим во Дејвис купот. Лично ќе бидам таму за да оддадам почит на твојата неверојатна кариера - изјави Ноле.



Australian Macedonian TODAY Австралиски Македонски Денес
СПОРТ
ISSN 1442-195X



# БЕРНАРД ТОМИЌ ПОСТАВИ УШТЕ ЕДЕН НЕСЛАВЕН РЕКОРД НА АТП МЕЧ

Австралискиот тенисер Бернард Томиќ не успеа да стигне до трофејот на Челенџер турнирот во американскиот град Феирфленд, откако убедливо со 2:0 во сетови загуби од првиот носител, 18-годишниот Лернер Тијен.

Томиќ не само што загуби, туку постави и неславен рекорд затоа што поразот од 6:0, 6:1 се случи во меч кој траеше само 39 минути. Тоа е најкраткото финале во историјата на еден Челинџер турнир. Претходниот рекорд беше на финалето меѓу Цонга и Села кое во 2019 година траеше 43 минути.

Со овој пораз, Томиќ стана сопственик и на втор неславен рекорд, на АТП турнир, затоа што тој од претходно го држи и рекордот за најбрзо загубен меч. Во 2014 година на турнирот во Мајами за само 28 минути и 20 секунди загуби од Јарко Ниеминен со 6:0 и 6:1.

# ВО ПЕТОК ЗАПОЧНУВА А-ЛИГАТА

Во петок, на 18 октомври започнува новата сезона на А-лигата за 2024/25 година. Актуелниот шампион Централ Кост Маринерс го пречекува Мелбурн Виктори. Следниот ден, в сабота, ќе се одигра големото дерби во Сиднеј меѓу Вондерерс и Сиднеј ФК. Окланд, новиот клуб во лигата од Нов Зеланд, дебитира против Бризбен Роар, Њукастел Џетс го пречекува Мелбурн Сити. Во недела играат Велингтон Феникс – Вестерн Јунајтед и Макартур – Перт Глори. Во првото коло Аделаид Јунајтед ќе паузира бидејќи има сега 13 екипи во А-лигата.



Фудбалската сезона на А-лигата за жени започнува две недели подоцна, на 1 ноември.

